# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | 12.12.2025 ГОДИНА<br>БРОЈ 19 ГОДИНА 2025<br>КРИВОГАШТАНИ | Трезорска сметка на Буџет на општина 739014068163019<br>Народна банка на РМ<br>ЕДБ 4021004146176 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани"бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на План на Програми за развој на комуналните дејности во населените места во Општина Кривогаштани за период од 2026-2028 година**

1. Се прогласува Планот на Програми за развој на комуналните дејности во населените места во Општина Кривогаштани за период од 2026-2028 година што Советот на Општина Кривогаштани го донесе на седницата одржана на ден 11.12.2025 година.

2. Планот на Програми за развој на комуналните дејности во населените места во Општина Кривогаштани за период од 2026-2028 година ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-1402/2
12.12.2025 година

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски

---

## ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА КОМУНАЛНИТЕ ДЕЈНОСТИ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ ЗА ПЕРИОД ОД 2026 до 2028 ГОДИНА

1. **Цел на планот на програми за развој :** Основа за изработка на планот е член 7 точка 2 од Законот за комунални дејности. Планот за развој се предвидува решавање на проблемот со водоснабдување во населените места во кои не е решен и обезбедување на чиста и здрава вода за пиење за сите граѓани на општина Кривогаштани како и решавање на проблемот со

одведување и третманот на отпадните води и обезбедување на техничка документација и студии за решавање на проблемот. Исто така со планот на програми за развој опфаќа развојни програми со кои се предвидува изградба на општински патишта и улици на територијата на Општина Кривогаштани.

## 2. РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ

## ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2026 ГОДИНА:

ПРИХОДИ:3.500 000,00 денари

Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 500.000,00 денари

МЖСПП: 3.000.000 денари

РАСХОДИ:

**Проект 1: Изработка на техничка документација за изградба на доводен цевовод од приклучна шахта Регионален водоснабдителен систем Студенчица во КО Ропотово до резервоар во Кривогаштани**

Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се изработи техничка документација за изградба на **доводен цевовод од приклучна шахта Регионален водоснабдителен систем Студенчица во КО Ропотово до резервоар во Кривогаштани**

Временски период на имплементација на проектот: 12/2026 година

Вкупна вредност на проектот: 1.000.000,00 денари

ЕЛС Кривогаштани: 200.000,00 денари

МЖСПП: 800.000 денари

**Проект 2: Изработка на техничка документација и приклучок на експлоатационен бунар во с. Обршани**

- Опис на проектот: со проектот се предвидува да се изработи техничка документација за приклучок на постоечкиот бунар во с. Обршани и приклучување на истиоти во општинскиот водоснабдителен систем

- Временски период на имплементација на проектот: 03/2026до 11/2026 година.

Вкупна вредност на проектот: 1.500.000,00 денари

Извор: МЖСПП: 1.200.000 денари

ЕЛС Кривогаштани: 300.000,00 денари

**Проект 3. Поставување на сончев колектор за производство на електрична енергија за потребите на пумпна станица во бунарско поле с. Славеј**
Вредност: 1.000.000 денари

Временски период на реализација до 12/2026
Извор на финансирање: МЖСПП: 900.000 денари, ЕЛС Кривогаштани: 100.000,00 денари

**ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2027 ГОДИНА:**

ПРИХОДИ: 10.000.000,00 денари

Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 1.000.000 денари

Извор на финасирање: МЖСПП: 9.000.000,00 година

РАСХОДИ:

**Проект 1: Изградба доводен цевовод од приклучна шахта Регионален водоснабдителен систем Студенчица во КО Ропотово до резервоар во Кривогаштани – фаза 1**

Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се изгради прва фаза во должина од 5км од **доводен цевовод од приклучна шахта Регионален водоснабдителен систем Студенчица во КО Ропотово до резервоар во Кривогаштани**

Временски период на имплементација на проектот: 12/2027 година

Вкупна вредност на проектот: 10.000.000,00 денари

ЕЛС Кривогаштани: 1.000.000,00 денари

МЖСПП: 9.000.000 денари

**ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2028 ГОДИНА:**

ПРИХОДИ:22.000.000,00 денари

Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 2.000.000 денари

Министерство за животна средина: 18.000.000 денари

БРР: 2.000.000,00 година

РАСХОДИ:

**Проект 1: Изградба доводен цевовод од приклучна шахта Регионален водоснабдителен систем Студенчица во КО Ропотово до резервоар во Кривогаштани – фаза 2**

Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се изгради прва фаза во должина од 10км од **доводен цевовод од приклучна шахта Регионален водоснабдителен систем Студенчица во КО Ропотово до резервоар во Кривогаштани**

Временски период на имплементација на проектот: 12/2028 година

Вкупна вредност на проектот: 20.000.000,00 денари

ЕЛС Кривогаштани: 2.000.000,00 денари

МЖСПП: 18.000.000 денари

**3 РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ТРЕТМАН НА ОТПАДНИТЕ ВОДИ**
**ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2026 ГОДИНА:**

ПРИХОДИ: 27.573.000,00 денари

МЖСПП: 26.373.000,00 денари

Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 1.200.000,00 денари

РАСХОДИ:

**Проект 1: Изградба на канализациона мрежа во с. Обршани(2 фаза)**

**Планирани активности: Со фаза 2 се предвидува да се изгради дел од канализационата мрежа низ Обршани**

Временски период на имплементација на проектот: 12/2026година.

Вкупна планирана вредност на проектот: 15.000.000,00 денари

Извор на финансирање:

МЖСПП: 15.000.000,00 денари

**Проект2 : Изработка на техничка документација и поставување на сончеви панели за производство на електрична енергија за потребите на пречистителна станица за отпадни во Кривогаштани.**

Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се изработи техничка документација и да се постави на сончев колектор за производство на електрична енергија за потребите на пречистителна станица за отпадни во Кривогаштани.

Временски период на реализација до 12/2026

Вредност: 1.000.000 денари

Извор на финансирање: ЕЛС Кривогаштани: 1.000.000 денари

**Проект 3: Изградба на пречистителна станица за отпадни води с. Бела Црква**

**Планирани активности: Со проектот се предвидува да се изгради пречистителна станица за отпадни води с. Бела Црква со која изградениот дел од канализационата мрежа с. Бела Црква ќе се стави во функција**

Временски период на имплементација на проектот: 12/2026година.

Вкупна планирана вредност на проектот: 9.173.000,00 денари

Извор на финансирање:

МЖСПП: 9.173.000,00 денари

**Проект 4: Изградба на канализациона мрежа во с. Славеј -Фаза 4**

Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се изгради дел од канализационата мрежа-фаза2.

Временски период на имплементација на проектот: 05/2026до 11/2026 година.

Вкупна планирана вредност на проектот: 1.200.000,00 денари

Извор на финансирање:МЖСПП: 1.200.000 денари

**Проект 5: Санација на пречистителна станица за отпадни води Кривогаштани**

Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се изработи техничка документација и да се изврши санација на оштетените делови од автоматиката и пумпната постројка на пречистителната станица во Кривогаштани.

Временски период на имплементација на проектот: 05/2026до 11/2026 година.

Вкупна планирана вредност на проектот: 1.200.000,00 денари

Извор на финансирање:МЖСПП: 1.000.000 денари

Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 200.000,00 денари

**ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2027 ГОДИНА:**

ПРИХОДИ:14.300.000,00 денари

Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 300.000,00 денари

МЖСПП: 14.000.000 денари

РАСХОДИ

**Проект 1 : Изработка на техничка документација за изградба на канализациона мрежа во с. Годивле со решение за третманот на отпадните води**

Опис на проектот: Со проекто се предвидува да се изработи техничка документација за изградба на канализациона мрежа за с. Годивле со решение за третманот на отпадните води, на ниво на основен проект.

Временски период на имплементација на проектот: 05/2027 до 09/2027година.

Вкупна вредност на проектот: 300.000,00 денари

Извор на финансирање:Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 300.000,00 денари

**Проект 2: Изградба на канализациона мрежа во с. Обршани( фаза3)**

- Изведба на фаза3 од канализационата мрежа Обршани опфаќа доградба на канализационата мрежа низ Обршани.

Временски период на имплементација на проектот: 04/2027до 11/2027година.

Вкупна планирана вредност на проектот: 14.000.000,00 денари

Извор на финансирање:

МЖСПП: 14.000.000,00 денари

**ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2028 ГОДИНА:**

ПРИХОДИ: 5.300.000,00 денари

МЖСПП : 5.000.000 денари

Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 300.000,00 денари

РАСХОДИ

**Проект 1: Изработка на техничка документација за изградба на канализациона мрежа во с. Боротино со решение за третманот на отпадните води**

Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се изработи техничка документација за изградба на канализациона мрежа за с. Боротино со решание за третманот на отпадните води, на ниво на Основен проект.

Временски период на имплементација на проектот: 05/2028 до 08/2028 година.

Вкупна планирана вредност на проектот: 300.000,00 денари

Извор на финансирање:Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 300.000,00 денари

**Проект 2: Изградба на канализациона мрежа во с. Крушеани(3 фаза)**

**Планирани активности: Со фаза 3 се предвидува да се изгради дел од канализационата мрежа низ Крушеани**

Временски период на имплементација на проектот: 12/2028година.

Вкупна планирана вредност на проектот: 5.000.000,00 денари

Извор на финансирање:

МЖСПП: 5.000.000,00 денари

## 4.РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

**ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2026 ГОДИНА:**

ПРИХОДИ: 48.400.000,00 денари

Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 3.000.000,00 денари

МТВ-Светска Банка: 40.400.000 денари

БРР: 5.000.000 денари

РАСХОДИ

**Проект 1: Изработка на техничка документација за изградба и реконструкција на улица во населено место: Крушеани,Славеј, Кривогаштани и Бела Црква**

Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се изработи техничка документација за изградба и реконструкција на улица во населените места: Крушеани во должина од 500м, Славеј во должина од 400м, Кривогаштани во должина од 1000м, Бела Црква во должина од 500м.

Временски период на имплементација на проектот: 01/2026 до 08/2026 година.

Вкупна вредност на проектот: 1.000.000,00денари

Извор на финансирање:Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 1.000.000,00 денари

**Проект2: Изградба на улици и патишта во: Оршани, Пашино Рувци, Кривогаштани,Славеј, Бела Црква, Врбјани, Кореница, Боротино**

Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се асфалтираат улици во населените места:, Пашино Рувци(дел од ул. Б.Трајкоски и ул. Ул. на КП 2430/1 и КП552) во должина од 350м, Кривогаштани во должина од 1000м( дел од улица : Македонски Просветители(дел од ул 5), Илинденска, Филип Втори, Гоце Делчев, Браќа Моцаноски), Бела Црква во должина од во должина од 160м, Оршани во должина од 150м, Боротино во должина од 200м, Кореница во должина од 350м, Врбјани во должина од 250м, локален пат Славеј-Заполжани (територија на општина Кривогаштани КП 186) во должина од 1038м.

Временски период на имплементација на проектот: 05/2026до 11/2026 година.

Вкупна планирана вредност на проектот : 32.400.000,00 денари

Извор на финансирање:

Министеретво за транспорт -24.400.000 денари

БРР:5.000.000 денари

Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 2.000.000,00 денари

**Проект 3 Реконструкција на улица с. Пашино Рувци**

Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се предвидува асвалтирање на главна улица с. Пашино Рувци со средства од Министерство за транспорт преку проектот за поврзување на локални патишта (релизацијата е започната 2025година)

Вредност : 16.000.000 денари-

Извор на финансирање: Министеретво за транспорт -16.000.000 денари

**ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2027 ГОДИНА**

ПРИХОДИ: 12.500.000,00 денари

Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 2.500.000,00 денари

БРР: 3.000.000 денари

Министерство за транспорт: 7.000.000 денари

РАСХОДИ

**Проект 1: Изработка на техничка документација за изградба на улици во с.Годивле, Славеј, Кривогаштани, Крушеани**

Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се изработи техничка документација за изградба на улици во населените места: Годивле, Славеј, Кривогаштани, Крушеани во вкупна должина од 2000м

Временски период на имплементација на проектот: 01/2027до 06/2027година.

Вкупна вредност на проектот: 500.000,00денари

Избор на финансирање:Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 500.000,00 денари

**Проект 2: Изградба на улица во населените места: Славеј, Пашино Рувци, Воѓани и Кривогаштани**

Опис на проектот: Изградба на улици во населените места: Славеј, Крушеани,Бела Црква и Кривогаштани во вкупна должина од 2000м

Временски период на имплементација на проектот: 07/2027 до 11/2027 година.

Вкупна планирана вредност на проектот: 12.000.000,00 денари

Извор на финансирање: Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 2.000.000,00 денари

БРР: 3.000.000 денари

Министерство за транспорт: 7.000.000 денари

**ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2028 ГОДИНА:**

ПРИХОДИ: 12.500.000,00 денари

ЕЛС Кривогаштани:2.500.000,00 денари

БРР: 5.000.000 денари

Министерство за транспорт: 7.000.000 денари

РАСХОДИ

**Проект 1: Изработка на техничка документација за изградба на улици во с. Пашино Рувци, Славеј, Кривогаштани,**

Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се изработи техничка документација за изградба на улици во населените места: во с. Пашино Рувци, Славеј, Кривогаштани**,** во вкупна должина од 2000м

Временски период на имплементација на проектот: 01/2028до 06/2028година.

Вкупна вредност на проектот: 500.000,00денари

Избор на финансирање:Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 500.000,00 денари

**Проект 2 :Изградба на улици во населените места: Кривогаштани, Славеј, Пашино Рувци и Обршани**

Опис на проектот: Изградба на улици во населените места Кривогаштани, Славеј, Пашино Рувци и Обршани во вкупна должина од2000м

Временски период на имплементација на проектот: 07/2028 до 11/2028година.

Вкупна планирана вредност на проектот: 12.000.000,00 денари

Извор на финансирање:

Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 2.000.000,00 денари

БРР: 3.000.000 денари

Министерство за транспорт: 7.000.000 денари

Бр.08-1350/3
11.12.2025 година

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Андреј Ацески

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина

Кривогаштани"бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Кривогаштани за 2026 година**

1. Се прогласува Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Кривогаштани за 2026 година што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 11.12.2025 година.

2. Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Кривогаштани за 2026 година ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-1402/3
12.12.2025 година

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски

---

Врз основа на член 84 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15,193/15,226/15, 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија,, бр. 275/19, 101/21, 153/23 и 61/24), член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.202/24) и член 17 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Кривогаштани (Сл.гласник на Општина Кривогаштани број 3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани, на седницата одржана на ден 11.12.2025 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ ЗА 2026 ГОДИНА**

**ВОВЕД**

Оваа Програма претставува континуитет на сите започнати и превземени активности за уредување на градежното земјиште во Општина Кривогаштани, од претходните години, а во согласнот со постојните урбанистички планови за населените места во Општина Кривогаштани.

**СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА:**

**1).** ПОДРАЧЈАТА НА КОИ ЌЕ СЕ ВРШИ УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

**2).** ОБЕМОТ НА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

**3).** СТЕПЕНОТ НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО СО ОБЈЕКТИ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

**4).** ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

**5).** ПРЕСМЕТКА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

**6).** ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ И НАЧИНОТ НА НАПЛАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

**7).** ДИНАМИКА И МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

**8).** УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

**9).** НАЧИН НА ЗДРУЖУВАЊЕ И НА НАСОЧУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА

**10).** ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**1). ПОДРАЧЈА НА КОИ ЌЕ СЕ ВРШИ УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ**

Просторот што ќе се уредува во 2026 година, ќе биде изграденото и неизграденото земјиште на подрачјето на Општина Кривогаштани, уредено со урбанистички планови изработени или ќе се изработат во тек на 2026 година за населените места: Кривогаштани, Крушеани, Обршани, Бела Црква, Воѓани, Пашино Рувци, Боротино, Врбјани, Кореница, Годивле, Подвис и Славеј.

**2). ОБЕМ НА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ**

Уредувањето на градежното земјиште во градежниот реон опфаќа:

1. Подготвување и расчистување на градежното земјиште,
2. Опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации.

Подготвување и расчистување на градежното земјиште опфаќа:

- Изготвување на урбанистички планови и проекти за комуналната инфраструктура,
- Обезбедување на геодетска документација, подлоги и елаборати,
- Изработка на елаборати за експропријација,
- Регулирање на имотно - правните односи со сопствениците на имотите,
- Основни геомеханички испитувања на теренот,
- Програмирање на уредувањето.

**3). СТЕПЕНОТ НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО СО ОБЈЕКТИ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА**

ОПРЕМУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО СО:

1. **Основен степен на уреденост, кој опфаќа:**

- Непречен пристап до градежните парцели од јавен пат ( улица со тротоари), пешачки патеки и други површини согласно урбанистичките планови
- Подземна електрична мрежа

- Улично осветление
- Водоводна мрежа
- Фекална канализациона мрежа и
- Атмосферска канализација.

**2. Повисок степен на уреденост, кој опфаќа:**

- Пречистителна станица за отпадни води,
- Паркинг простори,
- ПТТ (оптичка - телекомуникациска) мрежа.

**3. Понизок степен на уреденост, кој опфаќа:**

- Непречен пристап до градежната парцела од некатегоризиран јавен пат,
- Сопствено водоснабдување (нема приклучок на водоводна мрежа),
- Септичка јама (нема приклучок на канализациона мрежа),
- Сопствен одвод на атмосфесрки води (нема приклучок на атмосферска канализација),
- Надземна нестандардна електрична мрежа.

Средствата за проектирање и изградба на објектите од точка 3 се обезбедуваат од локалната самоуправа, самопридонеси, средства од Влада на РМ, средства на стопански субјекти и други извори на средства.

Просторното уредување на локацијата спрема изготвениот проект, пристапите на објектот од улица до влезовите во објектот, приклучоците на објектот до приклучните места на секундарната мрежа: водовод, канализација, електрична мрежа, паѓаат на терет на инвеститорот, затоа што истите се составен дел на инсталациите на објектот и остануваат негова сопственост, па затоа тие приклучоци паѓаат на терет на инвеститорот.

Приклучувањето на водоводна и канализациона мрежа се врши согласно дадените услови за приклучоци, по претходно барање од надзорниот инженер или доставување на изјава од изведувачот (за објекти со бруто развиена површина до 300м$^2$), а приклучоците се пуштаат во редовна употреба согласно Законот за градење.

Трошоците за хидротехничките услови за приклучување се пресметуваат од јавното комунално претпријатие.

За приклучување на електричната мрежа се плаќа надоместок за секој објект посебно на АД - ЕВН, спрема трошковник изготвен од нивна страна.

Претходно изградените инсталации, доколку остануваат под објектот нивната заштита паѓа на товар на инвеститорот, односно на корисникот на локацијата.

**4). ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Уредувањето на градежното земјиште се финансира од сретствата остварени од надоместоците за уредување и други средства.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште претставува износ кој што корисникот на земјиштето го плаќа пред да добие одобрение за градење.

Од сретствата остварени од надоместокот за уредување на градежно земјиште се финансираат подготвителните работи, расчистување и опремување на градежното земјиште, изработка на урбанистичка документација и инфраструктура, а во согласнот со Програмата.

Програмата за уредување на градежното земјиште во 2026година ќе се финансира од следните извори:

ПРИХОДИ

- Комунална такса од јавно осветлување.........................................................4.000.000,00 ден.
- Агенција за државни патишна на РМ..........................................................1.400.000,00 ден.
- Биро за регионален развој...........................................................................5.690.000,00 ден.
- Буџет на ЕЛС Кривогаштани..........................................................................9.820.000,00 ден.
- ЦРППР..............................................................................................................8.800.000,00 ден.
- Министерство за животна средина..............................................................31.773.000,00 ден.
- Министерство за образование---------------------------------------------------------8.000.000,00 ден.
- Министерство за транспорт .........................................................................40.400.000,00ден.
- Министерство за спорт-----------------------------------------------------------------9.350.000 ден.
- Министерство за енергетика-------------------------------------------------------------500.000 ден.
-

**Вкупно: Приходи..................................................................................119.733.000,00 ден.**

**5). ПРЕСМЕТКА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО**

Уредување на градежното земјиште ќе се врши во зависност од динамиката на приловот на средства, во обем и степен предвиден со оваа програма преку следните подпрограми:

**Ј3 ПРОГРАМА ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ**

**ПРОГРАМА СО ОБЕЗБЕДЕНИ БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА**

1. Потрошена електрична енергија..................................................................2.500.000,00 ден.

2. Поправки и одржување на опремата ...........................................................1.000.000,00 ден.

---

**ВКУПНО : 3.500.000,00 ден.**

**JA ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ**

1. Поставување на нови линии и нови арматури со LED светилки .......................500.000,00 ден.

**ВКУПНО : 500.000,00 ден.**

**J6 ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА И УЛИЦИ**

**ПРОГРАМА СО ОБЕЗБЕДЕНИ БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА**

Зимско одржување.......................................................................................... 450.000,00 ден.

ФА. Тековно одржување (крпење на ударни дупки, чистење на банкини, санација на патишта)..................................................................................................1.000.000,00 ден.

**ВКУПНО: 1.450.000,00 ден.**

**JD ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА И УЛИЦИ**

**I- ПРОГРАМА СО ОБЕЗБЕДЕНИ БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА И ПОТПИШАНИ ДОГОВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ СО НАДЛЕЖНИ МИНИСТЕРСТВА**

*** Изработка на техничка документација**

**Проект 1: Изработка на техничка документација за изградба и реконструкција на улица во населено место: Крушеани,Славеј, Кривогаштани и Бела Црква**

Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се изработи техничка документација за изградба и реконструкција на улица во населените места: Крушеани во должина од 500м, Славеј во должина од 400м, Кривогаштани во должина од 1000м, Бела Црква во должина од 500м.

Временски период на имплементација на проектот: 01/2026 до 08/2026 година.

Вкупна вредност на проектот: 1.000.000,00денари

Извор на финансирање:Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 1.000.000,00 денари

***Изградба и реконструкција на улици и патишта**
**Проект1: Изградба на улици и патишта во: Обршани, Пашино Рувци, Кривогаштани,Славеј, Бела Црква, Врбјани, Кореница, Боротино- (потпишани договори за финансирање со Министерство за транспорт)**
Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се асфалтираат улици во населените места:,

1. Реконструкција на дел од улица „Браќа Моцаноски „ во Кривогаштани -2.676.479 ден.
2. Реконструкција на дел од улица „Методија Патчев „ с. Боротино-1.770.816 ден.
3. Изградба на сервисна улица„5„-фаза 1 во Кривогаштани-2.248.448 ден.
4. Реконструкција на дел од улица „Гоце Делчев-К1, К2; К3 и дел од улица „Австриска„ во Кривогаштани-5.416.518 ден.

5. Реконструкција на пешачка патека во с.Обршани, КП 2195/1 КО Обршани-936.956 ден.

6. Реконструкција на локална улица с. Бела Црква, КП 197-1.256.105 ден.

7. Реконструкција на дел од улица „Илинденска„ во Кривогаштани-1.120.566 ден.

8. Реконструкција на дел од постојна улица „Борис Трајкоски„ во с. Пашино Рувци-1.874.442 ден.

9. Реконструкција на улица с. Пашино Рувци на КП 2430/1, КП 552, КП 528/3 Ко Пашино Рувци-2.493.467 ден.

10. Реконструкција на лок.пат Славеј-Заполжани КП 186—6.500.000 ден. (4.565.000 од Мин.Транспорт)

Временски период на имплементација на проектот: 04/2026до 11/2026 година.

Вкупна планирана вредност на проектот : 26.300.000,00 денари

Извор на финансирање:

Министеретво за транспорт :24.400.000 денари

Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 1.900.000,00 денари

**Проект 2 Реконструкција на улица с. Пашино Рувци**

Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се предвидува асвалтирање на главна улица с. Пашино Рувци со средства од Министерство за транспорт преку проектот за поврзување на локални патишта (релизацијата е започната 2025година)

Вредност : 16.000.000 денари-

Извор на финансирање: Министеретво за транспорт -16.000.000 денари

**ВКУПНО ПРОГРАМА I : 43.400.000,00 денари**

**II- ПРОГРАМА СО ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА ОД НАЦИОНАЛНИ ПРОГРАМИ И ИПА ФОНДОВИ**

Проект1: Изградба на улици во: Кривогаштани, Врбјани, Кореница,

Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се асфалтираат улици во на селените места: Кореница во должина од 350м, Врбјани во должина од 250м,

Временски период на имплементација на проектот: 05/2026до 11/2026 година.

Вкупна планирана вредност на проектот : 3.000.000,00 денари

Извор на финансирање: БРР:3.000.000 денари

**Проект 2: Реконструкција на улица КО Врбјани - индустриска зона с. Славеј- фаза 1 главен крак**

Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се реконструкција на клавниот крак во индустриска зона Славеј , должина од 385м, кој истовремено е дел од локалниот пат Славеј-Боротино

Временски период на имплементација на проектот: 05/2026до 11/2026 година.

Вкупна планирана вредност на проектот : 4.000.000,00 денари

Извор на финансирање: БРР преку ЦРППР:4.000.000 денари

**ВКУПНО ПРОГРАМА II :7.000.000,00 денари**

**ВКУПНО ПРОГРАМА ЈД: 50.300.000,00 денари**

**Ј8 ПРОГРАМА ЗА ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ- СО ОБЕЗБЕДЕНИ БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА**

1. Дезинсекција и дератизација: 120.000 денари

Извор на финансирање: Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 120.000,00 денари

**ВКУПНО: 120.000,00 денари**

**Ј4 ПРОГРАМА ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА- СО ОБЕЗБЕДЕНИ БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА**

1.Чистење и одржување на на јавна чистота--------------------100.000,00 денари

2. Одржување на парковски површини-------50.000,00 денари

3.Чистење на диви депонии и канали ---------100.000,00 денари

Извор на финансирање: Буџет на ЕЛС Кривогаштани**: 250.000,00 денари**

**ВКУПНО: 250.000,00 денари**

**ЈГ ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ**

**I- ПРОГРАМА СО ОБЕЗБЕДЕНИ БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА**

**Проект 2: Изработка на техничка документација и приклучок на експлоатационен бунар во с. Обршани**

- Опис на проектот: со проектот се предвидува да се изработи техничка документација за приклучок на постоечкиот бунар во с. Обршани и приклучување на истиоти во општинскиот водоснабдителен систем
- Временски период на имплементација на проектот: 03/2025до 11/2025 година.

Вкупна вредност на проектот: 1.500.000,00 денари

Извор: ЕЛС Кривогаштани 1.500.000 денари

**Проект 2. Изработка на техничка документација за поставување на сончев колектор за производство на електрична енергија за потребите на пумпна станица во бунарско поле с. Славеј**

Вредност:200.000 денари

Временски период на реализација до 02/2026до 5/2026 година.

Извор на финансирање: ЕЛС Кривогаштани: 200.000,00 денари

**ВКУПНО ПРОГРАМА I : 1.700.000,00 денари**

**II- ПРОГРАМА СО ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА ОД НАЦИОНАЛНИ ПРОГРАМИ И ИПА ФОНДОВИ**

**III- Проект 1. Поставување на сончев колектор за производство на електрична енергија за потребите на пумпна станица во бунарско поле с. Славеј**

Вредност: 800.000 денари

Временски период на реализација до 12/2026

Извор на финансирањеМЖСПП: 800.000,00 денари

**Проект 2: Изработка на техничка документација за изградба на доводен цевовод од приклучна шахта Регионален водоснабдителен систем Студенчица во КО Ропотово до резервоар во Кривогаштани**

Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се изработи техничка документација за изградба на **доводен цевовод од приклучна шахта Регионален водоснабдителен систем Студенчица во КО Ропотово до резервоар во Кривогаштани**

Временски период на имплементација на проектот: 12/2026 година

Вкупна вредност на проектот: 1.000.000,00 денари

ЕЛС Кривогаштани: 200.000,00 денари

МЖСПП: 800.000 денари

**ВКУПНО ПРОГРАМА II :1.800.000,00 денари**

**ВКУПНО ПРОГРАМА ЈГ:3.500.000,00 денари**

**ЈИ ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ**

**I- ПРОГРАМА СО ОБЕЗБЕДЕНИ БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА И ПОТПИШАНИ ДОГОВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ СО НАДЛЕЖНИ МИНИСТЕРСТВА**

**Проект 1: Изградба на канализациона мрежа во с. Обршани(2 фаза)**

**Планирани активности: Со фаза 2 се предвидува да се изгради дел од канализационата мрежа низ Обршани**

Временски период на имплементација на проектот: 12/2026година.

Вкупна планирана вредност на проектот: 15.000.000,00 денари

Извор на финансирање: МЖСПП: 15.000.000,00 денари

**Проект2 : Изработка на техничка документација за поставување на сончеви панели за производство на електрична енергија за потребите на пречистителна станица за отпадни во Кривогаштани.**

Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се изработи техничка документација и да се постави на сончев колектор за производство на електрична енергија за потребите на пречистителна станица за отпадни во Кривогаштани.

Временски период на реализација до 12/2026

Вредност: 200.000 денари

Извор на финансирање: ЕЛС Кривогаштани: 200.000 денари

**Проект 3: Изградба на пречистителна станица за отпадни води с. Бела Црква**

**Планирани активности: Со проектот се предвидува да се изгради пречистителна станица за отпадни води с. Бела Црква со која изградениот дел од канализационата мрежа с. Бела Црква ќе се стави во функција**

Временски период на имплементација на проектот: 12/2026година.

Вкупна планирана вредност на проектот: 9.173.000,00 денари

Извор на финансирање: МЖСПП: 9.173.000,00 денари (потпишан договор)

**ВКУПНО ПРОГРАМА I : 24.373.000,00 денари**

**II- ПРОГРАМА СО ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА ОД НАЦИОНАЛНИ ПРОГРАМИ**

**Проект 1: Изградба на канализациона мрежа во с. Славеј -Фаза 4**

Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се изгради дел од канализационата мрежа-фаза2.

Временски период на имплементација на проектот: 05/2026до 11/2026 година.

Вкупна планирана вредност на проектот: 1.200.000,00 денари

Извор на финансирање:МЖСПП: 1.200.000 денари

**Проект 2: Санација на пречистителна станица за отпадни води Кривогаштани**

Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се изработи техничка документација и да се изврши санација на оштетените делови од автоматиката и пумпната постројка на пречистителната станица во Кривогаштани.

Временски период на имплементација на проектот: 05/2026до 11/2026 година.

Вкупна планирана вредност на проектот: 1.200.000,00 денари

Извор на финансирање:МЖСПП: 1.000.000 денари

Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 200.000,00 денари

**Проект 3: Поставување на сончеви панели за производство на електрична енергија за потребите на пречистителна станица за отпадни во Кривогаштани.**

Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се изработи техничка документација и да се постави на сончев колектор за производство на електрична енергија за потребите на пречистителна станица за отпадни во Кривогаштани.

Временски период на реализација до 12/2026

Вредност: 800.000 денари

БРР /ЦРППР:800.000 денари

**ВКУПНО ПРОГРАМА II :3.200.000,00 денари**

**ВКУПНО ПРОГРАМА ЈИ: 27.573.000,00 денари**

**Ф2 ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**

**- ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА ОД НАЦИОНАЛНИ ПРОГРАМИ**

**I- ПРОГРАМА СО ОБЕЗБЕДЕНИ БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА И ПОТПИШАНИ ДОГОВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ СО НАДЛЕЖНИ МИНИСТЕРСТВА**

**Проект 1: Санација на тоалети и кров на училишната зграда на ПУ Јонче Смугрески с. Бела Црква**

Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се изврши санација на тоалетите во улишната зграда и да се поправата оштетувањата на кровниот покривач

Временски период на имплементација на проектот: 03/2025 до 08/2025година.

Вкупна планирана вредност на проектот:350.000,00денари

Извор на финансирање: ЕЛС Кривогаштани: 350.000 денари

**Проект 2: Партерно уредување на простор позади општинска зграда**

Временски период на имплементација на проектот: 06/2025 до 09/2025година.

Вкупна планирана вредност на проектот:300.000,00денари

Извор на финансирање: ЕЛС Кривогаштани: 300.000 денари

**Проект 3: Изработка на техничка документација за изградба на тротоар на ул„Браќа Моцаноски„ во Кривогаштани- *1фаза-200м***

Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се изградат тротоари на ул.”Браќа Моцаноски” во должна од 200м.

Временски период на имплементација на проектот: 04/2026 до 09/2026 година.

Вкупна планирана вредност на проектот: 390.000,00денари

Извор на финансирање: БРР: 390,000 денари

**Проект 4: Изградба на повеќенаменско игралиште во с. Обршани**

Временски период на имплементација на проектот: 04/2025 до 11/2025година.

Вкупна планирана вредност на проектот:9.350.000,00денари

Министерство за спорт: 9.350.000 денари

**Проект 3: Изградба на тротоар на улица с. Обршани-*258м***

Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се изгради тротоар и атмосферска канализација во с. Об ршани (спој со регионален пат до основно училиште) во должна од 258м.

Временски период на имплементација на проектот: до 11/2026 година.

Вкупна планирана вредност на проектот: 2.200.000,00денари

Извор на финансирање: МТВ (СВ.Банка): 2.200.000 денари

**ВКУПНО ПРОГРАМА I : 12.590.000,00 денари**

**II- ПРОГРАМА СО ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА ОД НАЦИОНАЛНИ ПРОГРАМИ И ИПА ФОНДОВИ**

**Проект 1: Изградба на тротоар на ул„Филип Втори„ во Кривогаштани- *3фаза-300м со вклучена атмосферска канализација***

Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се уредат јавните површини на ул.”Филип Втори” со изградба на тротоари.

Временски период на имплементација на проектот: 04/2026до 10/2026година.

Вкупна планирана вредност на проектот: 4.000.000,00денари

БРР-ЦРППР: 4.000.000 денари

**Проект 3: Регулација на коритото околу мостот на Река Црна**

Временски период на имплементација на проектот: 04/2026 до 12/2026година.

Вкупна планирана вредност на проектот: 2.300.000,00денари

Извор на финансирање: МЖСПП: 2.300.000 денари

**Проект 4: Доградба и реконструкција на училишната зграда во с.Врбјани**

Временски период на имплементација на проектот: 04/2026 до 08/2026година.

Вкупна планирана вредност на проектот:8.200.000,00денари

Извор на финансирање: ЕЛС Кривогаштани: 200.000 денари

Министерство за образование и наука: 8.000.000 денари

**Проект 1: Изградба на тротоар на ул„Филип Втори„ во Кривогаштани- *3фаза-150м со вклучена атмосферска канализација***

Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се уредат јавните површини на ул.”Филип Втори” со изградба на тротоари.

Временски период на имплементација на проектот: 07/2026до 11/2026 година.

Вкупна планирана вредност на проектот: 2.000.000,00денари

БРР: 2.000.000,00 денари

**ВКУПНО ПРОГРАМА II :16.500.000,00 денари**

**ВКУПНО Програма Ф2: 29.090.000,00 ден.**

**ГД ПРОГРАМА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ**

**ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТ**

**Проект 1.Изработка на техничка документација за поставување на фотонапонски панели на кров на општинска зграда во Кривогаштани, и на зграда на ЦОУ Манчу Матак Кривогаштани**

Временски период на имплементација на проектот: 04/2026до 08/2026година.

Вкупна планирана вредност на проектот: 200.000,00денари

Извор на финансирање: Буџет на ЕЛС Кривогаштани

**Вкупно Програма финансирана од буџет на ЕЛС Кривогаштани: 200.000 денари**

**II- ПРОГРАМА СО ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА ОД НАЦИОНАЛНИ ПРОГРАМИ И ИПА ФОНДОВИ**

**Проект 1. Поставување на фотонапонски панели на кров на општинска зграда во Кривогаштани.**
**Вредност: 1.500.000 денари**
Временски период на реализација до 12/2026
И Извор на финансирање: МЖСПП: 1.500.000 денари
**Проект 2: Инсталација на инвертер клими во општинската зграда**

**Опис: Со проектот се предвидува да се заменат постоечките „сплит„ клими со инвертер клими со кои ќе се врши затоплување на просториите во зимскиот период**

Временски период на имплементација на проектот: 05/2025до 08/2025година.

Вкупна планирана вредност на проектот: 500.000,00денари

Извор на финансирање: Министерство за енергетика

**ВКУПНО ПРОГРАМА II :1.500.000,00 денари**

**ВКУПНО Програма ГД ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ 2.200.000 денари**

**ЈН УРБАНА ОПРЕМА- СО ОБЕЗБЕДЕНИ БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА**

1. Поставување на урбана опрема на јавни површини (клупи, канделабри, летниковци, корпи за смет, автобуски постојки, спортско рекреативни реквизити) ----------500.000,00 денари

**ВКУПНО : 500.000,00 денари**

**Г2 ПРОГРАМА ЗА ТУРИЗАМ-**

**II- ПРОГРАМА СО ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА ОД НАЦИОНАЛНИ ПРОГРАМИ И ИПА ФОНДОВИ**

РАСХОДИ:

**Проект 1: Изработка на техмичка документација за иградбана пристапен пат до локалитет „Петочница„ Кривогаштани**

Временски период на имплементација на проектот: 05/2026до 08/2026година.

Вкупна планирана вредност на проектот: 300.000,00денари

Извор на финансирање: БРР :300.000,00денари

ВКУПНО Програма **Г2 ТУРИЗАМ 300.000 ден**

**РЕКАПИТУЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА РАСХОДИТЕ ПО ПРОГРАМИ**

Ј3 ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ -----------3.500.000,00 денари

ЈА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ -----------500.000,00 денари

Ј6 ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА И УЛИЦИ---------450.000 денари

ФА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА И УЛИЦИ---1.450.000

ЈD ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА И УЛИЦИ-----------50.300.000,00 ден.

Ј4 ПРОГРАМА ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА---------------250.000 00 денари

Ј8 ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ--------120.000,00 денари

ЈG ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ -----3.500.000,00 денари

ЈI ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ---27.573.000,00 денари

F2 УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ---------29.090.000,00 денари.

GД ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ -----2.200.000,00 денари.

JN УРБАНА ОПРЕМА--------500.000,00 денари.

Г2 ТУРИЗАМ--------300.000,00 денари.

**РЕКАПИТУЛАЦИЈА-Буџетски приходи и потпишани договори**

**Приходи во 2026година : 88.583.000 денари**

**Расходи во 2026 година : 88.583.000 денари**

**/ ЦЕЛОСНА РЕКАПИТУЛАЦИЈА**

**1. Приходи во 2026година ------------------119.733.000,00 денари.**

**2. Расходи во 2026 година --------------- 119.733.000,00 денари.**

Во финансирањето на реализацијата на задачите зададени во глава 5 ќе учествуваат и субјектите што стопанисуваат со објектите од инфраструктурата, покрај учеството во делот за реконструкција на објектите од комунална инфраструктура, инвестиционо одржување на иститеи во идна изградба на инфраструктурни објекит и мрежи, каде наплатениот надоместок за уредување на градежно земјиште не е доволен за локалитетите каде не е изградена инфраструктурната мрежа. Притоа субјектите кои стопанисуваат со објеките од инфраструктурата добиваат нови корисници на нивните услуги.

Изградбата на сите видови јавни објекти ќе се врши на уредно градежно земјиште.

Под уредно градежно земјиште се смета земјиштето каде се решени имотно правните односи, обезбедено со комунална инфраструктура (улици, водовод, канализација, улично осветление) во поширокиот реон околу локацијата.

Во потесната локација инвеститорите сами си го уредуваат градежното земјиште и си обезбедуваат приклучок на комуналните инсталации.

Објекти можат да се градат и на неуредено земјиште. Во тој случај, корисникот е должен во договор со субјектот надлежен за уредување на градежното земјиште, да го уреди истото.

Уредувањето на градежното земјиште на територијата на Општина Кривогаштани се врши врз основа на програмата што ја донесува Советот на Општина Кривогаштани во согласност со урбанистичките планови за населени места.

Уредувањето на градежното земјиште се финансира од средствата остварени од надоместокот за уредување, надомест за улично осветлување, надомест за изработка на урбанистички планови, комунални такси, од средствата на комуналните претпријатија, од средствата од самодопринос, од средствата акумулирани од поранешните вложувања и од други средства наведени во дело ПРИХОДИ.

Средставата од претходниот став став се употребуваат согласно со Програмата.

Средствата што се остваруваат од надоместокот за доделување на градежното земјиште, надоместокот за уредување, се уплатуваат на сметка на буџет на Општина Кривогаштани и се употребуваат само за таа намена согласно програмата.

**ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И ЕЛАБОРАТИ**

Во 2026 година ќе се врши изработка на урбанистичко планска документација за која ќе се изработи посебна годишна програма од страна на Одделението за урбанизам и заштита на животната средина, која ќе биде утврдена од страна на Советот на Општина Кривогаштани, согласно законските прописи.

- Ќе се продолжи со постапката на плановите кои се отпочнати во 2025 година.

Сите активности во Урбанистичкото и просторно планирање ќе се одвиваат по претходно изработена планска програма, од страна на надлежниот орган и потишан договор помеѓу инвеститорот и изработувачот на документацијата, а ќе се финансира од средствата што се издвојуваат за таа намена. Заради реализација на урбанистичката документација, односно заради расчистување на имотно-правни работи заради изградба на јавни објекти и инфраструктура, во текот на 2026 година, Ќе се преземат активности за изработка на геодетски елаборати.

**6) ВИСИНА И НАЧИН НА НАПЛАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ**

Надоместокот за уредување на градежното земјиште се пресметува според посебна премсетка за секој објект што ќе се гради, а врз основа на вистинските трошоци за уредување на градежното земјиште, односно според единица површина на објекот.

Просечниот надоместок за уредување на градежно земјиште од $1m^2$ изградена корисна површина на објектот, во населените места се утврдува во зависност од :

- Степенот на уредност на градежното земјиште со инфраструктурата

- Намената на објектот (станбен, деловен)

Појдова големина за пресметување на надоместокот за уредување на градежното земјиште се утврдува со Програмата за уредување на градежно земјиште.

Пресметувањето на надоместокот за уредување на градежо земјиште, ќе се врши по $1m^2$ нето корисна површина според важечките технички нормативи, согласно член 4 од Правилникот за степенот на уреденост на градежно земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост (Сл.весник 18/2016).

Дефинирање на поoделните нивоа од објектите без оглед за која намена се користат е следна:

Визба: Претставува онај етаж чиј готов под е повеќе од 1,0м вкопан во земјата во однос на околниот терен. Ако теренот е во пад, визба е онај етаж во кој најмалку 2/3 односно 67% од етажот има патос што е вкопан во тлото повеќе од 1,0м.

Сутерен – Претставува онај етаж чиј готов под е вкопан најмногу 1,0м во земата во однос на околнот терен или уличниот тротоар. Ако теренот е во пад, сутерен е онај етаж во кој најмалку 2/5 односно 20% од етажот има под што е вкопан во најмногу до 1,0м.

Приземје – Претстаува првиот кат во зградата над подрумот или сутеренот или над нивото на теренот, ако објектот нема подрум или сутерен.

Спрат – Претставува етажот чиј готов под се наоѓа:

а) во рамнина на околниот терен или уличниот тротоар.

б) на поленетица на околниот терен или уличниот тротоар до вообичаена висина од околу 1,0м.

в) непосредно над визбата без оглед дали визбата е целосно или делумно вкопана во теренот или делумно вкопана во теренот.

г) непосредно над сутеренот.

Мерењето на висините од уличниот тротоар се зема во сите оние случаеви кога градежната и регулационата линија се изедначени.

Кат - е секој етаж што се наоѓа над приземјето, и не е кров или рамна проодна односно непроодна тараса.

Поткровје(таван) е простор помеѓу највисоката хоризонтална меѓукатна конструкција и покривот на зградата. Во овој простор е покривната конструкција што го формира таванскиот простор и преку која е поставен покривот на зградата. Освен оваа основна намена поткровјето може да се адаптира или кај новопроектираните објекти да се предвиди за станбена или друга секојдневна намена. Во новопроектираните објекти ако се предвидуваат поткровја за секојдневно постојано користење, ќе се сметаат за кат.

Мезанин (меѓукат) – е оној етаж на приземјето или меѓу било кои два ката кој има смалена катна височина и служи за собирање на технички изолации, вметнување на погонски елементи за технички инсталации и други потреби во функција на намената на објектот.

За доградба и надградба на постојните објекти надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 100% од утврдениот износ по $1m^2$ корисна површина.

За изградба, реконструкција и доизградба на помошни објекти (гаражи, летни кујни, санитарни чворови, шупи, бараки, настрешници и др.) урбана опрема надвор од станбените објекти, инвеститорите ќе плаќаат на име надомест за уредување, 30% од надоместокот утврден со Програмата.

Не се плаќа надомест за уредување на градежното земјиште за објекти кои претрпеле штети од елементарни непогоди (пожари, поплави, снегови, земјотреси), до висина на нето површината на оштетениот објект, за линиски инфраструктурни објекти согласно член 98 точка 8 од Законот за градежно земјиште, објекти на локалната самоуправа, објекти кои се градат со средства од надоместокот за уредување на градежното земјиште како и објекти кои се ослободени од плаќање со посебна одлука на Советот на Општина Кривогаштани.

По иницијатива на жителите на градот и населените места, а во услови кога истите се заинтересирани со местен самопридонес да учествуваат во уредувањето на градежното земјиште, опшината ќе учествува до 50% од вредноста на комуналните објекти и инсталации, во зависност од можноста на општината.

Меѓусебните права и обврски за уредувањето на градежното земјиште врз основа на одобрението за градење, издадено од надлежниот орган се уредуваат со Договор, склучен помеѓу инвеститорот и Градоначалникот на Општината.

Договорот за уредеување на градежното земјиште го потпишува градоначалникот на општината.

Ако инвеститорот не сака да склучи Договор, а користи макар и делумно уредено земјиште, плаќањето на надоместокот за уредување на градежното земјиште се врши по сила на Закон и оваа Програма, по судски пат.

Доколку при изградбата инвеститорите отстапуваат од техничката документација должни се да постапат согласно законот за градење, а за сите отстапувања ќе биде пресметан надоместокот за уредување на градежното земјиште согласно техничката документација.

Доколку вкупниот пресметан просечен надоместок за конкретната локација не ги покрива трошоците за уредување на истата, надоместокот ќе се плаќа по стварно направените трошоци за уредувањето на локацијата и на соодветниот дел од пошироката локација, што ќе се регулира со Анекс кон Договорот за уредување на градежното земјиште.

За изградба на објекти во населените места, ќе се плаќа надоместок за финансирање на изработка на урабанистички планови според законот за просторно и урбанистичко планирање.

Распоредот на надоместокот за уредување на градежно земјиште зависи од опременоста и опремувањето на градежното земјиште и процентуалното учество на инфраструктурните објекти и инсталации во уредувањето на градежното земјиште ориентационо изнесува:

-Пристап до парцела: 50%, водоводна мрежа 10%, канализациона мрежа 15%, атмосферска канализација 10%, пречистителна станица 15%.

### 6.1. Пресметка на висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште

Надоместокот ќе се пресметува врз основа на новата корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација помножена со следните коефициенти:

**1.Станбени објекти**

| Реден број | Вид на објектот | Коефициент |
|---|---|---|
| 1 | Станбени простории | 1,0 |
| 2 | Станбени простории со висина до 2,5м. | 0,2 |
| 3 | Лоѓија затворена од три страни | 0,4 |
| 4 | Подлоѓија затворена од две страни | 0,3 |
| 5 | Балкони, тераси | 0,2 |
| 6 | Заеднички проодни тараси, пасажи | 0,2 |
| 7 | Помошни простории, остава за гориво котлара, трафостаница во објект, визба | 0,3 |
| 8 | Трафостаница од 35KV во објектот и надвор од објектот | 0,3 |
| 9 | Скалишен простор и заеднички комуникации | 0,3 |
| 10 | Стражалници, управителl, простории за домар | 0,5 |
| 11 | Паркиралишта и гаражи | 0,1 |

**2. Деловни, јавни и производни објекти**

| Реден Број | Вид на објектот | Коефициент |
|---|---|---|
| 1 | Простории | 1,0 |
| 2 | Магацини | 0,5 |
| 3 | Помошни простории, остава за гориво, котлара | 0,3 |
| 4 | Трафостаница до 35KV во објектот и надвор од објектот | 0,4 |
| 5 | Скалишен простор и заеднички комуникации | 0,5 |
| 6 | Паркиралишта и гаражи | 0,1 |
| 7 | Лоѓија затворена од три страни | 0,5 |
| 8 | Подлоѓија затворена од две страни | 0,4 |
| 9 | Балкони, тераси | 0,3 |
| 10 | Отворен наткриен простор | 0,3 |

**3. Други објекти**

| Реден број | Вид на објектот | Коефициент |
|---|---|---|
| 1 | Катна гаража | 0,05 |
| 2 | Спортски покриени објекти | 0,5 |
| 3 | Спортски откриени објекти | 0,3 |
| 4 | Гасни станици, и базни станици за 50% од површината на локацијата | 1,0 |
| 5 | Отворени пазаришта, за 30% од површината на локацијата | 1,0 |
| 6 | Базени | 0,2 |
| 7 | Трафостаници над 35kv | 1,0 |

**4. Објекти од група на класи на намена G -производство, дистрибуција и сервиси**

| Реден број | Вид на објектот | Коефициент |
|---|---|---|
| 1 | G1 тешка и загадувачка индустрија | 0,01 |
| 2 | G2 лесна и незагадувачка индустрија | 0,01 |
| 3 | G3 сервиси | 0,01 |
| 4 | G4 стоваришта | 0,01 |

**5. Бензински пумпни станици и нејзини придружни содржини (продавници, кафетерии, и ресторани, автосервиси, автосалони, помошни простории)**

| Реден број | Вид на објектот | Коефициент |
|---|---|---|
| 1 | Продажни простории на бензински пумпни станици | 1,0 |
| 2 | Услужни простории на бензински пумпни станици | 1,0 |

**6. Објекти од група на класи на намени В 5-угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одморалишта и објекти од група на класи А4-хотели, мотели, планинарски дом, ловен дом.**

| Реден број | Вид на објектот | Коефициент |
|---|---|---|
| 1 | Сите простории | 0,05 |

**7. За детски градинки, пензионерски домови и домови за стари лица:**

| Реден број | Вид на објектот | Коефициент |
|---|---|---|
| 1 | Сите простории | 0,05 |

8. За сите објекти за високо образование

| Реден број | Вид на објектот | Коефициент |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Сите простории | 0,5 |

9. За објекти за култура

| Реден број | Вид на објектот | Коефициент |
|---|---|---|
| 1 | Сите простории | 0,01 |

10. За објекти од терцијална здравствена заштита

| Реден број | Вид на објектот | Коефициент |
|---|---|---|
| 1 | Сите простории | 0,05 |

11. Објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори

| Реден број | Вид на објектот | Коефициент |
|---|---|---|
| 1 | За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори(биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија) | 0,01 |

**12.** објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели)

| Реден број | Вид на објектот | Коефициент |
|---|---|---|
| 1 | За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели) за 50% од површината на градежната парцела | 0,01 |

-За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори(биогориво,биомаса, геотермална енергија и хидроенергија) висината на трошоците на уредувањето на градежното земјиште изнесува 30% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентот утврден во точка 11

- За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели) висината на трошоците на уредувањето на градежното земјиште изнесува 20% од

височината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентот утврден во точка 12

-За објекти за производство на електрична енергија(ветерници) висината на трошоците на уредувањето на градежното земјиште изнесува 1.200.000 денари за една ветерница

-Во новата корисна површина што ќе се гради, согласно правилникот (Сл. Весник на РМ број 18/2016)не се пресметува површината на:

-инсталациони канали
-окна за лифтови
-отворени паркиралишта
-подземни резервоари
-објекти заштитени како културно наследство

- За агро берзи, откупно дистрибутивни центри или пазари, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште се пресметува на 50% од вкупната пресметана површина .

- За објекти од група на класи на намени Г-производство, дистрибуција и сервиси, висината на трошоците за уредување на градежно земјиште не може да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Македонија за последната година, помножена со погоре утврдените коефициенти.

- За линиски инфраструктурни објекти-државни патишта, локални патишта и улици, магистрални улици, собирни улици, водоводи, канализации, железнички пруги, гасоводи, топловоди, далноводи со напонско ниво од над 35 кв, како и за брани со акумулации, термоцентрали, езерски и речни пристаништа и за доградба и надградба на објекти за кои е донесена Одлука од страна на Советот на општината, согласно член 67-а став 1 од Законот за градење,а инвеститор е општината, не се утврдуваат трошоци за уредување на градежно земјиште.

ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ

- ***Индивидуални станбени објекти***

Висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградба на поединечни индивидуални и станбени објекти, во населените места во Општина Кривогаштани ќе се пресметува по $m^2$ нето корисна површина пресметана според горенаведените коефициенти и тоа :

Прва зона : 550,00 ден/м$^2$

Втора зона: 400,00 ден/м$^2$

Трета зона: 300,00 ден/м$^2$

Четврта зона : 200,00 ден/м$^2$

***-Индивидуални деловни објекти***

Висината на надоместокот за уредување на градежнотпо земјиште за изградба на поединечни индивидуални деловни објекти, во населените места во Општина Кривогаштани ќе се пресметува по $m^2$ нето корисна површина пресметана според горе наведените коефициенти и тоа:

Прва зона : 800,00 ден/$м^2$
Втора зона: 550,00 ден/$м^2$
Трета зона: 400,00 ден/$м^2$
Четврта зона : 300,00 ден/$м^2$

***-Објекти од група на класи на намена G -производство, дистрибуција и сервиси***

Висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградба на ***Објекти од група на класи на намена G -производство, дистрибуција, сервиси и стоваришта***, во населените места во Општина Кривогаштани ќе се пресметува по $m^2$ нето корисна површина пресметана според горенаведените коефициенти и тоа :

Прва зона : 5000,00 ден/$м^2$

Втора зона: 4500,00 ден/$м^2$

Трета зона: 3500,00 ден/$м^2$

Четврта зона : 3000,00 ден/$м^2$

***- За агро берзи, откупно дистрибутивни центри или пазари, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште се пресметува на 50% од вкупната пресметана површина .***

- **Бензински пумпни станици и нејзини придружни содржини (продавници, кафетерии, и ресторани, автосервиси, автосалони, помошни простории)**Висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградба на *Бензински пумпни станици и нејзини придружни содржини (продавници, кафетерии, и ресторани, автосервиси, автосалони, помошни простории* во населените места во Општина Кривогаштани ќе се пресметува по $м^2$ нето корисна површина пресметана според горенаведените коефициенти и тоа:

- Прва зона : 1200,00 ден/м2
- Втора зона: 1000,00 ден/$м^{2]}$
- Трета зона: 600,00 ден/$м^2$
- Четврта зона : 500,00 ден/$м^2$

- За телефонски, ТВ и Електрични мрежи висината на надом,естокот за уредување на градежно земјиште ќе изнесува:
- -за поставување на столбови:Прва зона : 800,00 ден/единица
- Втора зона: 700,00 ден/единица
- Трета зона: 600,00 ден/единица
- Четврта зона : 500,00 ден/единица

За надвор од населено место :500,00 ден/единица

- за поставување на надземен и подземен кабел

Прва зона : 80,00 ден/м

Втора зона: 70,00 ден/м

Трета зона: 60,00 ден/м

Четврта зона : 50,00 ден/м

За надвор од населено место: 50,00 ден/м

**6.2 Надоместок за претходни работи во уредувањето**

Инвеститорите на комунални објекти и инсталации: улици, канализација, водовод и други видови објекти и инсталации на кои не се засметува надоместок за уредување на градежното земјиште ќе се плаќаат надоместок за претходни работи во висина на вреддноста на градежните работи и тоа за вредност:

До 100.000 ден. ---------------- 2,5% но не помалку од 2.000 ден.

Од 100.000 до 500.000 ден. --- 2,0% но не помалку од 2.500 ден.

Од 500.000 до 1.000.000 ден.--- 1,5% но не помалку од 10.000 ден.

Од 1.000.000 до 5.000.000 ден. --- 0,7% но не помалку од 15.000 ден.

Над 5.000.000 ден. --- 0,5% но не помалку од 35.000,00 денари.

Инвеститорите на градежни и градежно занатски работи на објектите, тековно и инвестиционо одржување, поправки, адаптации и сл.работи, на кои не се засметува надоместок за уредување на градежното земјиште, ќе се плаќаат надоместок за претходни работи во висина од 1% од вредноста на градежните и градежно занатските работи согласно заверената техничка документација – Предмер со пресметка, но не помалку од 2.500 ден.

Средствата што ќе ги плаќаат инвеститорите се пресметувааат врз основа на соодветни пресметки што ќе ги прави отсекот за Комулани работи во Општина Кривогаштани, а се уплаќаат на сметка на буџет на Општина Кривгаштаниі.

Уплаќањето на средствата се врши согласно Договорот пред издавање на одобрени за градба.

Распоредот на надоместокот за уредување на градежно земјиште зависи од опременоста и опремувањето на градежното земјиште и процентуалното учество на инфраструктурните објекти и инсталации во уредувањето на градежното земјиште ориентационо изнесува:

-Пристап до парцела: 50%, водоводна мрежа 10%, канализациона мрежа 15%, атмосферска канализација 10%, пречистителна станица 15%.

**6.3 Надоместокот од објетки надвор од градежниот реон**

Инвеститорите на јавни деловни, стопански и идустриски објекти, помошни простории, гаражи, полски куќи, оранжерии поставени на бетонска подлога и сл. кои се градат на територијата на Општина Кривогаштани, надвор од населените места, подлежат на плаќање надоместок за уредување на земјиштето во висина од средствата за подготвителни работи во уредувањето на земјиштето, како и опремување на земјиштето со објекти и инсталации од заедничко користење односно уредување на просторот.

Овој надоместок се определува во висина од 30% од висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште утврден согласно зоната во која припаѓа најблиското населено место на чија КО припаѓа објектот. Овие инвеститори сами си го уредуваат градежното земјиште на потесната локација и си обезбедуваат приклучок на комуналните инсталации.

За објекти од група на класи на намена G -производство, дистрибуција, сервиси и стоваришта кои се градат со планска документација надвор од населени места се плаќа надоместок во висина од трета зона.

Надоместокот за уредување на градежното земјите се наплатува по зони, во зависност од местоположбата на објектот и тоа:

**Прва зона:** го опфаќа централното подрачје на Кривогаштани: на исток започнува на ул. Филип Втори кај раскрсница со ул. Браќа Мацаносвки до раскрсница со ул. Австриска на запад и ги опфаќа сите објеки лево и десно од првиот ред.

**Втора зона:** го опфаќа централното подрачје на Кривогаштани и тоа: на исток започнува на ул. Филип Втори кај раскрсницата со ул. Илинденска и ги опфаќа сите објекти од првиот ред лево и десно од улицата до раскрсницата со ул. Браќа Мацановски на запад (каде почнува првата зона), вториот ред од објектите од прва зона, потоа ги опфаќа сите објекти од првиот ред лево и десно од раскрсницата со ул. Австриска до раскрисница со ул. Никола Карев на запад потоа сите објекти од првиот ред лево и десно од ул. Браќа Мацановски, до мостот кај раскрсницата со ул. Гоце Делчев, потоа сите објекти од првиот ред лево и десно од ул. Гоце Делчев од почетокот спроти

општинската зграда до црква св. Пречиста, сите објекти од првиот ред лево и десно од ул. Австриска од почетокот до реката, сите објекти од првиот ред лево и десно од ул. Македонски Просветители од почетокот до сточниот пазар.

**Трета зона:** Го опфаќа останатиот дел од населеното место Кривогаштани и населените места: Крушеани, Обршани, Бела Црква, Воѓани, Пашино Рувци, Боротино, Славеј и Врбјани.

**Четврта зона:** ги опфаќа населените места: Кореница, Годивле и Подвис.

**6.4. Општи услови во уредувањето**

При изградба на нови објекти, за кои претходно треба да се порушат постоечки објекти запишани во имотен лист кои се наоѓаат на иста градежна парцела, при пресметување на висината на трошоците за уредување на градежно земјиште, од новата корисна површина се одбива површината утврдена во имотниот лист на постоечките објекти кои ќе се отстранат за изградба на новите објекти. Во ваквите случаеви површините на подпокривен простор, лоѓија, подлоѓија, балкони, тераси, заеднички проодни тераси, пазажи, помошни простории, визба, скалишен простор, заеднички комуникации, паркиралишта и гаражи на постоечките објекти се одбиваат само од новата корисна површина на објектот која е со иста намена со намената на површините на наведените простории и делови од објектот. (член 5 став 2 од Правилникот)

**6.5. Начин на наплата на надоместокот за уредување на градежно земјиште**

Наплатата на надоместокот за уредување на градежното земјиште може да се врши одеднаш или на рати, ако износот преминува 30.000,00 денари, со тоа што 50% од пресметаниот износ се уплаќа пред склучување на Договорот, а останатите 50% на 3 еднакви месечни рати за кои треба да се достави соодветно покритие (банкарска гаранција или хипотека).

Доколку не се плати надоместокот за уредување на градежното земјиште во рок утврден со Договорот, надлежен е Основниот суд во Прилеп, во кој случај се активираат гаранциите и пресметува и законска камата.

Поблиските услуги за наплата на надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе бидат регулирани со Договор.

**6.6 Надоместок за прибележување и предбележување**

Висината на надоместокот за прибележување се пресметува согласно Правилникот на Агенцијата за катастар и недвижности на РСМ и истата ја генерира системот согласно вкупната површина на КП или ГП.

Висината на надоместокот за предбележување се пресметува врз основа на наведената големина на внатрешната површина /отворена површина/ волумен на кој/ја се врши предбележување на градба или измени на предбележување во тек на градба и изнесува 5 денари за 1м2/1м3 и се плаќа на иста сметка со посебна уплата.

**7). ДИНАМИКА И МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Уредување на градежното земјиште претставува еден континуиран процес кој се одвива со години и создава можности и простор за иден развој на општината. Во тој контекст на повеќе годиѓно, односно повеќефазно уредување на градежното земјиште се решаваат целосно потребите од уредување и опремување на земјиштето со објекти од комуналната инфраструкти.

Од причини што финансирањето на Програмата се врши од познати и непознати извори и инвеститори, динамиката на извршување на Програмата, односно на работите од уредувањето на градежното земјиште, ќе зависат од повеќе фактори:

- Приливот на средства од надоместокот за уредување градежно земјиште
- Навремено изготвување на урбанистичко - техничката документација
- Навремено распишување на конкурси и лицитации
- Изборот на изведувачите за изградба на планираните инфраструктурни објекти со оваа Програма да се врши согласно Законот за јавни набавки.
- Процентот на реализација на планираниот надоместок за финансирање на урбанистички планови.

Сите субјекти што согласно важечката законска регулатива се посредни и непосредни учесници во уредувањето на градежното земјиште, во рамките на своите надлежности треба да дадат максимален придонес за успешна реализација на оваа зацртана Програма/

**8). УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ**

Во оваа глава се уердуваат работите што се однесуваат на уредувањето на градежното земјиште на подрачјето на Општина Кривогаштани.

Изградба на сите видови објекти се врши на уредено градежно земјиште.

Под уредено градежно земјиште од став 1 на овој член се смета земјиштето на кое се решени имотно - правните односи, обезбедено е со комунална инфраструктура и тоа: улици, јавно осветление, електрична мрежа, раркинзи, јавно зеленило.

Објектите од став 1 на овој член можат да се градат и на земјиште што не е уредено. Во тој случај, корисникот е должен во договорот за субјектот надлежен за уредување на градежното земјиште да го уреди истото.

Уредувањето на градежното земјиште на подрачјето на Општина кривогаштани се врши врз основа на Програмата, што ја донесува советот на Општина Кривогаштани, во согласнот со постојните урбанистички планови за населените места.

За адаптација на објекти се плаќа 30 % од надоместокот доколку не се промени габаритот на спратот.

Под адаптација на постоен објект се подразбира изведување на градежни работи во внатрешноста на постојната градба со што не се менува конструктивните елементи на градбата.

За надоместокот од претходните инвестициони работи се склучува Договор.

Износот на надоместокот за уредување на градежното земјиште се плаќа сразмерно на вкупните трошоци за уредување на поголеми комплекси за градежното земјиште, земајќи ја во предвид намената, положбата и други посебни својства (упросечени трошоци) за уредување со Програмата.

Доколку вкупниот пресметан надоместок за користената локација не ги покрива трошоците за уредување на истата, надоместокот се плаќа по стварно направените прошоци за уредување на локацијата.

Работите на уредување на градежното земјиште ги врши субјектот на кого ќе му бидат доверени истите.

**9). НАЧИН НА ЗДРУЖУВАЊЕ И НАСОЧУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО**

За висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште се склучува договор за надоместок за уредување на градежно земјиште во писмена форма директно помеѓу корисникот на земјиштето од една страна и Општина Кривогаштани од друга страна, на заверена техничка документација и доставени согласности.

Во случај кога градежното земјиште е уредено со изградена основна инфраструктурна мрежа, а во локалитетот каде се наоѓа градежната парцела нема донесено ДУП и не е целосно изградена секундарна инфраструктура, а сопственикот на земјиштето инсистира сам со свои средства да ја изгради истата согласно оверена техничка документација, должен е на локалната самоуправа за изградена основна мрежа да и надокнати трошок од 30 % од надоместокот за уредување на градежното земјиште утврден во Програмата, и да овозможи на идните сопственици на земјиштето приклучувањето на инфраструктурните мрежи без да му платат надомест. Инфраструктурната мрежа што ќе ја гради сам, треба да биде технички примена од соодветно комунално претпријатие и истата да ја предаде на локалната самоуправа без надомест.

Трошоците за опремување и изградба на објекти од комуналната инфраструктура за индивидуална и заедничка потрошувачка, што корисникот ги изведил или ги изведува самоиницијативно без учество на општината, а пред склучување на писмени договори за регулирање на надоместокот за уредување на градежното земјиште и писмен договор за изведување на објекти од комунална инфраструктура, не се признаваат, освен во локалитети каде биле бесправно изградени објекти, а со донесување на нови урбанистички планови истите се вклопуваат согласно законот за постапување со бесправно изградени објекти.

За овие локалитети мора да има исправна техничка документација, оверена од надлежен орган, и изградени инфраструктурни мрежи примени од јавни комунални претпријатија. При ова се признаваат само трошоците - делот од надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградена инфраструктурна мрежа од индивидуалната комунална потрошувачка.

Оваа изградена инфраструктурна мрежа мора да биде предадена на Локалната самоуправа, за да се овозможи приклучување на нови и идни корисници на земјиштето без надоместок, а новите

корисници да и надоместат на локалната самоуправа целосен надоместок за уредување на градежното земјиште.

**10). ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Предлагач на оваа Програма е Одделението за комунални дејности и Локален економски развој на Општина Кривогаштани.

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Кривогаштани.

Бр.08-1350/4
11.12.2025 година

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Андреј Ацески

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Годишна програма за социјална заштита на Општина Кривогаштни за 2026 година**

1. Се прогласува Годишната програма за социјална заштита на Општина Кривогаштни за 2026 година што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 11.12.2025 година.

2. Годишната програма за социјална заштита на Општина Кривогаштни за 2026 година ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-1402/4
12.12.2025 година

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски

---

Врз основа на Член 11 став 1 алинеа 7 и Член 142 став 5 од Законот за социјална заштита ("Службен весник на РСМ" 104/19; 146/19; 275/19; 302/20; 311/20; 163/21; 294/21; 99/22, 236/22 и 65/23) член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02 и 202/24) и член 17 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.

3/11; 17/14; 10/16; 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 11.12.2025 година донесе:

# Годишна програма за социјална заштита на Општина Кривогаштни за 2026 година

## 1.Вовед

Социјалната заштита претставува систем на политки, мерки но и превземени активности со чија помош се спречуваат и надминуваат социјалните ризици кај граѓаните.Со програмата за социјална заштита општина Кривогаштани се стреми кон намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост преку јакнење на капацитетите на лицата од ранливи категории и нивна правилна инклузија во секојдневниот живот.Програмата е сеопфатен систем на мерки и активности насочени кон општо подобрување на условите за живот на сите граѓани, особено на најсиромашните и социо исклучените.

Програмата има за цел да се реализираат повеќе приоритетни активности од областа на социјалната заштита, да придонесе унапредување на целокупната социо-економска и здравствена положба на граѓаните на општина Кривогаштани.Таа е социјална инвестиција која ќе произведе позитивни трендови што ќе бидат препознатливи за луѓето во општината а најмногу корисна за заштита, помош и поддршка на лицата во социјален ризик, лицата со попреченост, старите лица, децата на улица односно сите оние кои што се изложени на социјален ризик од било каков вид.

Општина Кривогаштани се обрвзува да ги земе предвид реалните услови за живот и потребите на граѓаните за да им излезе во пресрет на нивните барања во согласност со законските обврски.Во можноста на границите и условите општината со своиоте капацитети и расположливи ресурси ќе се потруди за целосна реализација на програмата за успешни спроведени активности кои ќе произлезат од конктретните цели.Во изработка на програмата како главни актери се јавуваат вработени во одделението за правни, општи работи и јавни дејности во општина Кривогаштани, Советот за социјална заштита на општина Кривогаштани, комисијата за опшествени дејности од Советот на општина Кривогаштани.

## 2.Визија на годишната програма

Социјалната заштита се однесува на мерките и системите што ги поставува владата и општините за да обезбедат поддршка и сигурност на поединци и семејства кои се соочуваат со различни предизвици, како што се сиромаштија, невработеност, болест, инвалидитет, старост и други, како и намалаување и јакнење на капацитетот за сопствена

заштита, односно да се подобри и зголеми човечката добросостојба и кавлитетот на животот за сите луѓе. Основа или главна цел на програмата за социјална заштита е да обезбеди сите граѓани да имаат пристап до минимален животен стандард и да ја поддржи нивната финансиска и социјална независност, да им помогне на луѓето во надминување на социјалните ризици на кои се изложени, и воедно да ја зајакне мрежата на услуги заедно со физичките, правните лица и здруженијата на граѓаните.

Социјалната политика на општина Кривогаштани е насочена кон надминување на животните ризици, изедначување на животните шанси.Активностите исто така можат да помогнат во справувањето со влијанијата од шокови и кризи, како што се природни катастрофи, економски падови и пандемии.Со обезбедување на безбедносна мрежа за оние на кои им е потребна, социјална заштита може да помогне да се намали ризикот од замки на сиромаштија, да се промовира развојот на човечкиот капитал и да се поддржи инклузивниот раст.Постојат различни форми на социјална заштита, вклучувајќи готовински парични трансфери, услуги и социјални услуги регулирани со соодветни законски регулативи.

Суштината на спроведувањто на мерките за социјалната политика е остварување на социјалните права на граѓаните и учество во сите материјални и социјални достигнувања на опшеството со акцент на помагање на социјално исклучени граѓани.

## 3.Конкретни цели и активности

**3.1Конкретна цел: Еднократна парична помош**

**Активност 1. Еднократна парична помош на физички лица погодени од природни катастрофи**

Носител: Општина Кривогаштани-обезбедува средства на физички лица погодени од
природни катастрофи

Рокови: Тековно 2026 година

Финасисрање: Општина Кривогаштани 40 000,00 денари.

**Активност 2. Еднократна парична помош на родител за новороденче**

Носител: Општина Кривогаштани-обезбедува финасиски средства на родител на новороденче

Рокови: Тековно 2026 година

Финасирање: Општина Кривогаштани 100 000,00 денари

**Активност 3. Еднократна парична помош за новороденче на жени регистриран земјоделец**

Носител:Општина Кривогаштани

Рокови:Тековно 2026 година
Финасирање:Општина Кривогаштани 50 000,00 денари

**Активност 4. Доделување хуманитарни прехранбени пакети на социјално загрозени семејства**

Носители: Општина Кривогаштани-обезбедува финасиски средства и технича помош
Граѓански организации-обезбедуваат техничка помош и финасиски средства
Рокови: Тековно 2026 година
Финасирање: Општина Кривогаштани 20 000,00 денари

**3.2 Конкретна цел: Помош за невработени социјално исклучени лица- јавни работи**

**Активност 5.** Помош за работно ангажирање на невработени лица со ниски квалификации
преку програмата Јавни работи.
Носители: Општина Кривогаштани-обезбедува финансиски средства со вредност од 20%
од месечниот надоместок по лице
Рокови: Јули-Септември 2026
Финасирање: Општина Кривогаштани 10 000,00 денари

**Активност 6. Социјални и здравствени услуги во домот кај најранливите категории граѓани преку услугата медицинска сестра во домот.**

Носители: Општина Кривогаштани- Обезбедува услови за непречено реализирање на услуги
помош и нега во домот кај ранливи категории.
Здружение центар за развој и едукација Прилеп-обезбедува спроведување на проектот
Рокови: Тековно 2026
Финасирање: Општина Кривогаштани 80 000.00 денари

## 4.Буџет

| Буџет по активности | | |
|---|---|---|
| Активност 1 | 40 000,00 ден. | |
| Активност 2 | 100 000,00 ден. | |
| Активност 3 | 50 000,00 ден. | |
| Активност 4 | 20 000,00 ден. | |
| Активност 5 | 10 000,00 ден. | |
| Активност 6 | 80 000,00 ден. | |
| Вкупно општински буџет: | 300 000,00 ден. | |

## 5.Мониторинг и евалуација

Градоначалникот на Општина Кривогаштани го следи реализирањето на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварување на нејзините цели и активности. За успешна реализација на програмата и еваулација покрај Градоначаланикот главна улога има и Комисијата за општествени дејности од Советот на Општина Кривогаштани кои заедно ќе придонесуваат за постигнување на утврдените цели кои ќе ги искористат граѓаните на Општина Кривогаштани.

Бр.08-1350/5
11.12.2025 година

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Андреј Ацески

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Годишна Програма за култура во Општина Кривогаштани за 2026 година**

1. Се прогласува Годишната Програма за култура во Општина Кривогаштани за 2026 година што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 11.12.2025 година.

2. Годишната Програма за култура во Општина Кривогаштани за 2026 година ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-1402/5
12.12.2025 година

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски

---

Врз основа на член 7 од Законот за култура (“Службен весник на Република Македонија” бр. 31/98; 49/03; 82/05; 24/07; 116/10; 47/11; 51/11; 136/12; 23/13; 187/13; 44/14; 61/15; 154/15; 39/16 и 11/18), член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 05/02 и 202/24) и член 17 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кривогаштани (“Службен гласник на Општина Кривогаштани” бр. 3/11; 17/14; 10/16; 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 11.12.2025 година донесе:

# Годишна Програма за култура во Општина Кривогаштани за 2026 година

## 1. Вовед

Со оваа програма за култура, Општина Кривогаштани како локална самоуправа, го остварува своето право и надлежност дадени со Законот за култура и за поддршка, организирање и реализација на содржини и манифестации од културата кои се од интерес на локалната заедница.Програмата е во функција на подобро планирање и остварување на локалниот интерес во културата за 2025 година во смисла на институционална и финансиска поддршка на културни проекти, негување на фолклорот и обичаите, организирање на културни манифестации и поттикнување на разновидни форми на творештво.

Програмата ги определува стратешките приоритети на Локалната самоуправа преку поддршка во сите облици на остварувањето на културата на локално ниво.

Со цел програмата да опфати квалитетни, оригинални и разновидни културни содржини кои ќе ги одразат јавните потреби на општината во областа на културата, се утврдуваат активностите кои ќе бидат финансирани со програмата и висината на средствата за нивна реализација.

Организацијата и реализацијата на културните настани и сите активности во програмата ќе придонесат во изградбата на моделот на културно живеење, планирањето на развојот во културните области, подобро остварување на културното создавање и дистрибуција на културните вредности и културната соработка, како неопходност во афирмацијата на културните вредности од општината во другите средини и обратно.

## 2.Визија на Годишната програма за култура за 2026 година

Основна цел на Програмата е, да се поттикнат и поддржат и други активности за негување на фолклорот, обичаите, вредностите својствени за традицијата на нашето поднебје, организирањето на културните манифестации и разновидни специфични творби на творештво преку:

-квалитетен културен живот на ниво на општината со обезбедување на богата, разновидна програма за сите возрасти;
- афирмација на материјалното, духовното и културното наследство;
- достапност на културните добра и вредности до граѓаните;
-континуитет на традиционалните културно-уметнички манифестации што се од интерес за општината;
-презентирање и афирмирање на современото творештво, урбаната култура и јавната уметност;
-развивање на аматерската култура во чии рамки ќе се поддржуваат креативни и едукативни изведби;
- поддршка и развивање на традиционалните културни вредности;
- одбележување јубилејни настани и значајни датуми;
- стимулирање и поддршка на разни партнерски меѓународни проекти;
- вклученост на повеќе субјекти и финансирање од повеќе извори;

## 3. Конкретни цели и активности

**Активност 1: Организирање на традиционален маскембал по повод верскиот празник Прочка под наслов “Прочкарска смеа за секого”**

Носители: општина Кривогаштани, ООУ “Манчу Матак” и ООУ “Јонче Смугрески”

Рокови: Февруари 2026 година

Финансирање: општина Кривогаштани 40 000,00 денари

Индикатори: општина Кривогаштани

**Активност 2:Генералка викенд-пролетен настан за чистење**

Носители: општина Кривогаштани и граѓански организации

Рокови: Мај 2026 година

Финасирање:граѓански организации и општина Кривогаштани 3 000,00 денари

Индикатори:општина Кривогаштани

**Активност 3: Одбележување на празникот “Илинден 2ри Август”**

Носители:општина Кривогаштани

Рокови: Август 2026 година

Финансирање:општина Кривогаштани 5 000,00 денари

Индикатори:општина Кривогаштани

**Активност 4:Одбележување настан на истакната личност од посебно значење-Споменик од карпалак во Пашино Рувци.**

Носители:општина Кривогаштани

Рокови:Август 2026 година

Финасирање:општина Кривогаштани 4 000,00 денари

Индикатори:општина Кривогаштани

**Активност 5: Организирање културен настан “Фестивал на пиперката”-промовирање на земјоделски производи**

Носители: општина Кривогаштани, Граѓански организации

Рокови: Август-Септември 2026 година

Финасирање:Општина Кривогаштани 120 000,00 ,Локални фирми и граѓански организации

Индикатори: Општина Кривогаштани

**Активност 6:Организирање културен настан “Бела Ноќ” –Музички и забавен карактер**

Носители:Општина Кривогаштани, граѓански организации

Рокови:Август 2026 година

Финасирање:Општина Кривогаштани 60 000,00 локални фирми и граѓански организации

Индикатори: Општина Кривогаштани

**Активност 7: Одбележување на празникот “11 Октомври”**

Носители: Општина Кривогаштани

Рокови: Октомври 2026 година

Финансирање: Општина Кривогаштани 5 000,00 денари

Индикатори: Општина Кривогаштани

**Активност 8: Организирање на театарска престава за деца**

Носители:Општина Кривогаштани, “ООУ Јонче Смугрески”Обршани и “ООУ Манчу Матак” Кривогаштани

Рокови: Ноември 2026 година

Финансирање: Општина Кривогаштани 10 000,00 денари

Индикатори: Општина Кривогаштани

**Активност 9: Промовирање на археолошко наоѓалиште "Врбјанска чука"**

Носители: Општина Кривогаштани, Граѓански организации и Завод за заштита на спомениците од културата-Прилеп

Рокови: Август 2026 година

Финасирање: Општина Кривогаштани 3 000,00 денари

Индикатори: Општина Кривогаштани

## 4. Буџет:

| | |
|---|---|
| Активност 1 | 40.000,00 |
| Активност 2 | 3.000,00 |
| Активност 3 | 5.000,00 |
| Активност 4 | 4.000,00 |
| Активност 5 | 120.000,00 |
| Активност 6 | 60.000,00 |
| Активност 7 | 5.000,00 |
| Активност 8 | 10.000,00 |
| Активност 9 | 3.000,00 |
| Вкупно | 250.000,00 денари |

## 5. Мониторинг и евалуација

За успешна имплементација на годишната програма за култура во Општина Кривогаштани за 2026 година, потребно е да се спроведе мониторинг во периодот кој го покрива овој документ, како и евалуација за проценка на успешноста на реализацијата на годишната програма и нејзино влијание на граѓаните во Општина Кривогаштани. Основните методи и субјекти кои ќе вршат и ќе бидат искористени во мониторингот и евалуацијата се: Комисијата за опшествени дејности во Советот на Општина Кривогаштани и Градоначалникот на општина Кривогаштани кои ќе го следат текот и динамиката на спроведувањето на годишната програма за култура за 2026 година и ќе даваат свои оцени како и предлози за неопходни промени се со цел постигнување на утрвдените цели.

Бр.08-1350/6
11.12.2025 година

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Андреј Ацески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Годишен план за еднакви можности на жените и мажите за 2026 година во Општина Кривогаштани**

1. Се прогласува Годишниот план за еднакви можности на жените и мажите за 2026 година во Општина Кривогаштани што Советот на Општина Кривогаштани го донесе на седницата одржана на ден 11.12.2025 година.

2. Годишниот план за еднакви можности на жените и мажите за 2026 година во Општина Кривогаштани ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-1402/6
12.12.2025 година

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски

---

Врз основа на член 14 став 1 од Законот за еднакви можности на жените и мажите (“Службен весник на Република Македонија” бр. 6/12; 30/13; 166/14; 150/15, 201/15 и 53/21), член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 05/02 и 202/24) и член 17 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кривогаштани (“Службен гласник на Општина Кривогаштани” бр. 3/11; 17/14; 10/16; 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 11.12.2025 година донесе:

# Годишен план за еднакви можности на жените и мажите за 2026 година во Општина Кривогаштани

## 1. Вовед

Рамноправноста помеѓу родовите е една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија која се заснова на целосно признавање и промовирање на еднаквите можности на жените и мажите, како неизоставен предуслов за одржлив развој, уживање на човековите права и практикување на демократските вредности.

Законот за еднакви можности на жените и мажите има за цел да го промовира концептот на еднакви можности за жените и мажите во сите сфери на општествениот живот како процес на отстранување на пречките за воспоставување и остварување рамноправност меѓу жените и мажите. Со овој Закон изречно се забранува дискриминацијата како „секое разликување, искористување или ограничување врз основа на пол што го загрозува или оневозможува остварувањето или заштитата на човековите права и слободи“ како во јавниот така и во приватниот сектор, и тоа во областите на вработувањето и трудот, образованието, социјалната сигурност, културата и спортот.

Отсуството на дискриминација, како директна, така и индиректна, согласно Законот за еднакви можности на мажите и жените обезбедува „еднаков третман“ меѓу родовите. „Воведување еднакво учество на жените и мажите во сите области од јавниот и приватниот сектор, еднаков статус и третман во остварувањето на сите права и во развојот на нивните индивидуални потенцијали преку кои тие придонесуваат во општествениот развој, како и еднакви придобивки од резултатите произлезени од тој развој“ согласно Законот, значи обезбедување „еднакви можности за мажите и жените“.

Општина Кривогаштани во соработка со Комисијата за еднакви можности на жените и мажите имаат за цел да ја инкорпорираат родовата перспектива и еднаквите можности во локалната политика, да ја унапредат состојбата на жените и мажите на локално ниво и да ги реализираат стратешките цели на Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Исто така главната задача на Општина Кривогаштани и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите е да работат на унапредување и обезбедување еднакви можности на жените и мажите на локално ниво преку процес на изготвување и усвојување на политики, нивно спроведување, мониторинг и евалуација на постигнатите резултати.

## 2. Визија на годишниот план за еднакви можности на жените и мажите и стратешки цели

### 2.1 Управување со човечки ресурси

Развојот на капцитетите на човечките ресурси на локалната администрација и на членовите на комисијата за родова еднаквост е неопходност заради вметнување на родовата компонента во сите локални политики. Преку реализирање на едукативни работилници, обуки, семинари би се зајакнале капацитетите на човечките ресурси во општината и членовите на комисијата и би се подигнала свеста за важноста од учеството на жените во политичкиот и јавниот живот, а посебно во процесите на одлучување. Една од можностите за напредок е да се соработува со Комисијата за еднакви можности во Собранието на Република Северна Македонија и да се соработува со координаторите и комисиите за еднакви можности од другите општини поддржувајќи добри примери и

практитки од општините и комисиите кои покажале извесен напредок по одредено прашање општина со општина.

Потребно е континуирано е да се работи на унапредувањето на човековите права на родовата еднаквост, особено преку спроведување на кампањи и многубројни активности, насочени кон подигнување на свеста и знаењето на јавноста за дискриминацијата по основа на род, со цел воспоставување на општество на еднакви можности и отстранување на сите облици на дискриминација.Тоа вклучува преземање на мерки за запознавање на јавноста со Законот за еднакви можности и другото антидискриминаторско законодавство, како и спроведување на специфични активности насочени кон унапредување на општествената положба на жените припаднички на одредени ранливи групи.

### 2.2 Родово одговорно образование

Сметаќи дека образованието е најчесто проактивно во поглед на намалувањето на влијанието на женската стереотипизација која доаѓа и од домот, но и од останатото опкружување, потребна е промена на перцепцијата на родовиот идентитет. Тој е долготраен и макотрпен процес, но може да се промени само и единствено со промена на општествено поимање и разноразни обуки и предавања кој ќе бидат наменети и ќе се занимаваат со родовите разлики и нивно надминување, а тоа мора да започне од училишните клупи.

### 2.3 Вклучување на родовата перспектива во програмите, стратегиите и останатите акти и документи што ги разгледува и усвојува Советот на Општина Кривогаштани.

Вклучувањето на родовата перспектива во законите, политиките и програмите (gender mainstreaming) е важен концепт кога станува збор за еднаквите можности на жените и мажите. Тоа подразбира детектирање на областите каде што недостасуваат одредби од родов аспект во одлуките, заклучоците, програмите, плановите, со кои би се унапредила родовата рамноправност и би се воспоставиле еднаквите можности на жените и мажите. Ова значи Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Кривогаштани да биде централно тело на локално ниво со надлежности во однос на воспоставувањето на принципот на еднакви можности на жените и мажите. Другите комисии при Советот на Општина Кривогаштани потребно е да бараат мислење од оваа Комисија за материјалите кои ги уредуваат или обработуваат прашања од значење за остварувањето на принципот на еднакви можности пред да ги достават до Советот на Општина Кривогаштани на разгледување, утврдување, односно донесување.

## 3. Оперативен план за еднакви можности на жените и мажите за 2026 година

### 3.1 Конкретни цели и активности

| Ред бр. | Активности | Време на реализација | Одговорни институции | Индикатори | Буџет |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Организирање на трибини/едукативни предавања за подигање на свеста, информирање на граѓаните за препрознавање и навремено пријавување на родово базирано насилство и родова дискриминација. | Тековно 2026 | -КЕМ<br>-Граѓански организации<br>-МТСП | -Број на присутни учесници на настаните | 8 000,00 |
| 2. | Организирање обуки за заштита од користење на социјалните мрежи, спречување на врсничко насилство и сајбер насилство кај женските и машките деца. | Тековно 2026 | -Граѓански орагнизации<br>-Општина Кривогаштани<br>-Основни Училишта – "Манчу Матак" и "Јонче Смугрески" | Запознавање на децата со можните последици и изложеноста на ризик со користење на социјалните мрежи. | 15 000,00 |
| 3. | Организирање кампања за подигање на свеста кај граѓаните за редовна здравствена заштита за рано отркивање на малигни заболувања кај жените и мажите (рак на дојка, рак на грло на матка, рак на простата, рак на бели дробови, рак на дебело црево, остеопороза и др.) | Тековно 2026 | -Граѓански организации<br>-Општина Кривогаштани<br>-Здравствен дом- Прилеп<br>-Завод за здравствена заштита-Прилеп | -Број на присутни учесници на настанот. | 8 000,00 |
